# С Т А Т У Т

## на Јавната установа за деца-Детска градинка

## Буба Мара

**МАЈ 2019 ГОДИНА**

Врз основа на член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ бр. 23/13,12/14, 44/14,144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18) 23/2013 година , а заради усогласување со Закон за заштита на деца Службен весник на РМ бр., 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), Управниот одбор на Јавната установа за деца , Детска градинка Буба Мара на општина Аеродром во градот Скопје , на седница донесе

# С Т А Т У Т
# на Јавната установа за деца –Детска градинка
# БУБА МАРА

## 1.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут на Јавната установа за деца – Детска градинка Буба Мара – Скопје ( во натамошниот текст: Детска градинка) се уредува: називот ,седиштето, дејноста, организационата поставеност, управувањето и раководењето, стручните органи, евиденција и документација, деловната тајна , одбраната, преодните и завршните одредби и други прашања од работата на детската градинка.

**Член 2**

Одредени прашања што не се уредени со овој Статут може поблиску да се уредат со правилници, одлуки и други акти.

**Член 3**

Називот на Детската градинка е :

**Јавна установа за деца- Детска градинка Буба Мара на општина Аеродром во Градот Скопје.**

Седиштето на Детската градинка е на бул. Асном бр 194 Скопје.

Скратен назив е : **ЈУДГ Буба Мара – Скопје**

**Член 4**

Јавната установа за деца- Детската градинка Буба Мара – Скопје е основана од Владата на Република Македонија со Одлука бр.23-1573/2 од 23.01.1995 година, а со Решение 11-5249/1 од 13.09.1994 година дадена е согласност за отпочнување со работа.

**Член 5**

Детската градинка во правниот промет со трети лица за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и со кои се кои се користи – целосна одговорност.

**Член 6**

Детската градинка има печат и штембил.

Печатот на Детската Градинка го содржи името на Републиката, називот и седиштето на Детската градинка и е во облик на круг со пречник од 3см, а во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија.

Штембилот е во правоаголна форма со димензии од 2 x 6 см, со истиот текст како и печатот, со тоа што се остава место за дата и број на предметот.

**Член 7**

Со печатот располага и го употребува лице овластено од директорот на детската градинка.

**Член 8**

Детската градинка ја застапува и претставува Директорот.

Во случај на негова спреченост или отсуство Детската градинка ќе ја застапува и претставува лице овластено од него.

Во рамките на своите надлежности Директорот може да овласти друго лице за превземање на одредени правни дејствија.

**Член 9**

Детската градинката има свое лого – буба мара

## 2. ДЕЈНОСТ И СОДРЖИНА НА ДЕЈНОСТА

**Член 10**

Дејноста на Детската градинка е : **88.91-Дејности на дневна социјална заштита на деца.**

Згрижувањето и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана , воспитно-образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основното образование.

Детската градинка:

-организира згрижување и воспитание и за деца со пречки во инлектуалниот или физичкиот развој, сообразно на видот и степенот на попреченост;

- обезбедува престој и исхрана и за деца над 6 години до поаѓање во основно образование до десетгодишна возраст;

- одделни услуги од својата дејност организира и во други просторни услови;

- организира и други институционални активности за задоволување на

специфичните интереси и потреби на детето, и
- дава услуги и од повисок квалитет од утврдениот со стандардите и нормативите за вршење на дејноста.

**Член 11**

Во состав на Детската градинка се формира и советувалиште за деца и родители како служба, согласно критериуми на Министерството за труд и социјална политика ( во понатамошниот текст Министерство).

**Член 12**

Детската градинка запишува и прима деца врз основа на пријави преку целата година.

Ако во детската градинка - определен објек има пријавено поголем број деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца според критериуми утврдени од Управниот одбор на Детската градинка, во согласност со Советот на Општина Аеродром .

Комисијата ја именува Директорот.

**Член 13**

Правата и обврските на градинката и корисниците (родител или старател на детето) на услугите се уредуваат со договор.

Родителите се должни при приемот на детето во градинката да приложат потврда од матичниот лекар за здравствената состојба на детето, односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесна попреченост.

**Член 14**

Дејноста на детската градинка се остварува според програми за остварување на дејноста.

Детската градинка на родителите и старателите на децата им ги претставува програмите кои ги изведува , нивните цели, содржини и методи на работа при уписот на детето.

**Член 15**

Годишната програма за работа се донесува најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година.

Годишната програма за работа содржи: организација и работно време на градинката, распоредување на децата по групи,работата на директорот , стручните и други работници, соработка со родители, соработка со воспитно-образовни, спортски, здравствени, културни, научни и други установи, фондации, здруженија, активности за вклучување на децата градинката, стручно усовршување на вработените, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.

**Член 16**

Детската градинка според времетраењето остварува програма за:
- целодневен престој,
- полудневен престој,
- скратени програми,
- пилот програми,
- вонинституционални форми за активности со деца.

**Член 17**

Детската градинка во зависност од возраста на децата и должината на престој својата работа ја организираат во групи.

Работата во детската градинка се организира во зависност од возраста на децата во хомогени групи и тоа:

– до 12 месеци ......................................... од 6 до 8 деца

– -над 12 месеци до 18 месеци ....................од 8 до 10 деца

– над 18 месеци до две години ....................од 10 до 12 деца

– над 2 до 3 години ......................................од 12 до 15 деца

– над 3 до 4 години ......................................од 15 до 18 деца

– над 4 до 5 години ...................................... од 18 до 20 деца и

– над 5 до 6 години ...................................... од 20 до 25 деца.

По исклучок од ставот 2 на овој член, во зависност од возраста на децата , може да се организира :

**1. хетерогена група**

– до 2 години ...........................................од 10 до 12 деца и

– од 2 години до поаѓање во основно училиште .............од 18 до 20 деца

**2. комбинирана група**

– од 12 месеци до поаѓање во основно училиште ..........од 15 до 20 деца

**3. група деца со пречки во развојот ..............................од 5 до 8 деца**

**4. група деца од 6 години , односно од поаѓање во основно училиште до 10 години .............................од 20 до 30 деца**

Во хомогените, хетерогените и комбинираните групи може да се вклучи едно дете со лесни пречки во менталниот развој или телесна попреченост, во кој случај бројот на децата во групите се намалува за две деца.

По исклучок , во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста , градинката во групите може да има поголем број на деца , односно помал број на деца утврдени во ставовите 2 и 3 од овој член , за што согласност дава општината.

**Член 18**

Детската градинка заради зачувување и унапредување на здравјето на децата ја следи здравствената состојба на децата и спроведува превентивни мерки за заштита на здравјето на децата.

Детската градинка има обврска во случај на појава на нарушување на нормалната здравствена состојба на детето да го извести родителот, а во случај на поголем број на заболени деца , веднаш да ги извести соодветната здравствена установа , Министерството и општината.

3. **ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

**Член 19**

Детската градика дејноста ја остварува во 6 објекти и тоа:

1. Објект **Буба Мара –** на бул. Асном бр 194
2. Објект **Пчелка 1 -** на ул.Грамос бр. 11
3. Објект **Пчелка 2 -** на ул. Аврора бр. 29
4. Објект **Сонце -** на ул. 1612 бр 6
5. Објект **Лавче** - на ул. Горно Лисиче бр. 23
6. Објект **Слонче** (Центар за ран детски развој) – на ул.1 бр.71 Долно Лисиче

Заедничките служби се наоѓаат на бул Асном бр.194 во состав на објектот Буба Мара.

**Член 20**

Работното време на вработените во градинката изнесува 40 часа неделно.

Заради природата на работата работното време на воспитувачите и негователите , се распределува на работно време поминато со децата и

останатото  работно време за други програмски активности.

Работното време поминато со децата , како дел од вкупните програмски активности,  во рамките на полното работно време од ставот  1 на овој член за воспитувачот изнесува 30 часа неделно , а за негувателот 35 часа во неделата.

Почетокот и завршетокот на работното време на градинката  го утврдува советот на општината.

## 4.УПРАВУВАЊЕ  И РАКОВОДЕЊЕ

### а) Управен одбор

**Член 21**

Орган на управување во детската градинка е Управниот одбор.

**Член 22**

Управниот одбор на детската градинка е составен од седум членаи тоа:

- двајца претставници од Општината(основачот)

- еден претставник од Градот Скопје
- еден претставник од вработените во градинката,
- двајца претставници од родителите на децата и
- и еден претставник од Министерството за труд и социјална политика.

Претставниците на основачот  ги именува и разрешува советот на општината.

Претставникот на градот Скопје  го предлага Советот на градот Скопје , а го именува и разрешува советот на општината.

Претставниците од родителите на децата ги предлага советот на родители  , а ги именува и разрешува советот на општината .

Претставникот на министерството го предлага министерот , а го именува и разрешува советот на општината.

Претставникот на градинката го предлага стручниот совет на градинката , врз основа на стручноста и компетентноста , а го избира и разрешува советот на општината .

Претставниците од општината, градот Скопје , од министерството и од родителите не можат да бидат именувани од редот на вработените во градинката.

**Член 23**

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од 4 години.

Мандатот на членовите на Управниот одбор почнува да тече од денот на неговото конституирање или верификација .

Конститутивната седница на Управниот одбор ја свикува и до изборот на претседател на Управниот одбор претседава најстариот член.

**Член 24**

Управниот одбор на градинката :

- го донесува Статутот на градинката ;
- ја предлага Годишната програма за работа и Извештајот за работа до советот на општината;
- го предлага финансовиот план до советот на општина ;
- ја предлага годишната сметка до советот на општината;
- објавува оглас за избор на директор на градинката;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- предлага на градочалникот на општината еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот оглас за избор на директор
- го донесува актот за Организацијата и систематизацијата на работните места во градинката , на кој согласност дава Советот на општината;
- одлучува по приговори и жалби на вработените;
- одлучува по жалби на корисниците на услугите;
-донесува Деловник за својата работа;
-донесува и други општи акти на градинката;

- расправа по наодите и мисленјата по извршената внатрешна контрола од страна на органот за надзор формиран од Општината;
- формира постојани и привремени комисии за одлучување по одредени прашања поврзани со работењето на градинката ;
- ја формира и го утврдува начинот на работа на комисијата за прием на деца ,како и поблиските критериуми за прием на децата во градинката во согласност со советот на општината;
- разгледува одлуки и други работи утврдени со Закон и овој Статут.

**Член 25**

Во работата на Управниот одбор учествува и Директорот на градинката без право на глас.

**Член 26**

Со Управниот одбор раководи претседател на Управниот одбор , а во случај на негово отсуство или спреченост го заменува негов заменик.

Претседателот на Управниот одбор и неговиот заменик се избираат по предлог на членовите на Управниот одбор со јавно гласање и мнозинството на гласови од вкупниот број членови.

Гласањето за претседател на Управниот одбор и за неговиот заменик е поединечно.
Претседателот на Управниот одбор ги закажува седниците на одборот и раководи со истите , согласно утврдениот дневен ред и Деловникот за работа на одборот.

Управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 27**

Предлагањето на претставникот во Управниот одбор , Стручниот совет го врши на предлог од членовите на Стручниот совет со јавно гласање, со мнозинство гласови.

**Член 28**

Предлагањето на претставникот во Управниот одбор , советот на родители го врши на предлог од членовите на Совет на родители со јавно гласање, со мнозинство гласови.

**Член 29**

Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор.

**Б) Орган на раководење**

**Член 30**

Со градинката раководи Директорот , како орган на раководење. Директорот е законски застапник на градинката и ја застапува и претставува пред трети лица.

**Член 31**

За Директор на Детската градинка може да биде именувано лице кое покрај општите услови предвидени со закон и условите утврдени во Законот за заштита на децата има завршено високо образование и минимум пет години работно искуство по дипломирањето, поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТЕОФЕЛТ ИБТ –најмалку 74 бода,ИЕЛТС (IELTS)-најмалку 6 бода,ИЛЕЦ(ILEC)(Cambridge English Legal) –најмалку А2(A2) ниво, ФЦЕ(FCE) (Cambridge English First)-положен,БУЛАТС(BULATS)-најмалку 60 бода,односно АПТИС (APTIS)-најмналку ниво Б2 (B2) и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.

Кандидатот за директор на градинката задолжително доставува и програма за работа на градинката.

**Член 32**

Директорот на градинката го избира и разрешува градоначалникот на општина Аеродром.

Директорот на градинката се избира, односно именува за време од четири години.

По истекот на рокот од ставот 2 на овој член истото лице има право на уште еден мандат едно подруго, а можност за повторен избор, односно именување истото лице има по истекот на четири години од неговиот последен избор, односно именување.

**Член 33**

Градоначалникот , три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува одлука управниот одбор да објави оглас за избор на директор.

Јавниот оглас го објавува Управниот одбор во јавните гласила и истиот трае осум ( 8 ) дена од денот на неговото објавување.

Во објавениот оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација , времетраењето на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

Пристигнатите документи ги прегледува трichлена комисија избрана од Управниот одбор .
Комисијата е од составот на Управниот одбор и е должна во рок од пет дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

Комисијата документите на кандидатите кои ги исполнуваат условите ги доставува до Управниот одбор, а на кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им ги враќа документите со образложение.

Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно со одредбите во статутот на градинката.

Управниот одбор врши интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

Управниот одбор во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите на градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на директор.

Доколку Градоначалникот на општина Аеродром во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот , не избере директор , должен е во рок од три дена да го извести Управниот одбор.

Управниот одбор во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето на градоначалникот му предлага еден нов кандидат за избор на директор.

Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот да го избере кандидатот предложен од Управниот одбор.

Кандидатите кои не се избрани , во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Против одлуката на Комисијата од претходниот став кандидатот има право да поведе управен спор.

**Член 34**

Директорот на градинката може да биде разрешен :

- на лично барање;
- ако не го спроведува законот и општите акти донесени согласно со

законот,

- ако не ја остварува годишната програма на градинката,
- ако по негова вина е нанесена штета на децата, на нивните родители или старатели, на установата, на општината или на државата,
- ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на градинката,
- ако дозволи организирање на дејноста спротивно на законот, општите акти донесени согласно со законот и годишната програма за работа и
- во други случаи утврдени со закон.

**Член 35**

Ако Директорот на градинката биде разрешен пред истекот на мандатот или предвреме му престане мандатот како и во случај кога не е избран, Градоначалникот во рок од три дена именува вршител на должноста од редот на вработените во градинката кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

**Член 36**

Доколку директорот е разрешен по основ на постапувањата наведени ви член 34 алинеи 2,3,4,5,и 6 од Статутот , на директорот му престанува работниот однос.

**Член 37**

Директорот ја организира и раководи со работата на градинката:

- на Управниот одбор му ја предлага предлог -годишната програма за работа на градинката и презема мерка за реализирање на годишната програма за работа,
- ги извршува одлуките на Управниот одбор,
- одлучува за засновање и престанок на работниот однос на вработените за вршење на дејноста, согласно закон , актите на

установата и колективниот договор,

- врши распоредување на работниците,
- поднесува извештај за работата на градинката во текот на годината до управниот одбор и општината,
- поднесува извештај за реализација на годишната програма за работа до управниот одбор, општината и министерството,
- поднесува извештај за реализација на матерјално-финсиското работење на градинката до управниот одбор и до општината и е одговорен за матерјално – финансиското работење,
- формира комисии за определени прашања поврзани со работењето
- врши и други работи предвидени со закон и други акти на градинката.

**в) Стручни органи**

**Член 38**

Стручни органи во детската градинка се :

- Стручен совет;
- Совет на воспитувачи и
- Совет на негователи

**Стручен совет**

**Член 39**

Стручниот совет го сочинуваат вработените кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста во установата и директорот.

Со стручниот совет раководи директорот.

Стручниот совет ги врши следните работи:

- утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа,
- дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа,
- именува и разрешува претставник на градинката во управниот одбор на градинката од редот на вработените кои вршат стручни работи,
- ги утврдува потребите на објектите од игровен, дидактички и друг матерјал

за работа со деца, како и потребите од основни средства и потрошен материјал за нормална реализација на дејноста.

**Совет на воспитувачи**

**Член 40**

Советот на воспитувачи го сочинуваат воспитувачите на градинката.
Со советот на воспитувачи раководи и го свикува директорот.
Советот на воспитувачи ги врши следните работи:
- го усогласува работењето на воспитувачите во градинката,
- разгледува содржини за работа согласно програмите,
- ја реализира програмата за стручно усовршување,
- учествува во подготовките и реализацијата на програмите за работа и други форми за работа со децата,
- соработува со советот на родители и советот на негователи,
- врши и други работи кои произлегуваат од реализацијата на програмите, плановите и другите форми на остварување на дејноста.

**Совет на негователи**

**Член 41**

Советот на негователи го сочинуваат негователите на градинката.
Со советот раководи директорот.
Советот на негователи:
- го усогласува работењето на негователите во градинката,
- ја разгледува програмата за стручно усовршување на негователите во градинката,
- разгледува содржини за работа согласно програмите и
- соработува со советот на воспитувачи и советот на родители.

### г) Орган за внатрешна контрола

### Член 42

За вршење на внатрешна контрола на работењето на градинката , општината формира орган на надзор.

Органот за надзор го сочинуваат три до пет члена именувани од општината.

Членовите на органот за надзор се избираат со мандат во траење од четири години.

За членови на органот за надзор можат да бидат именувани лица кои немаат засновано работен однос во градинката, имаат високо образование и поседуваат знаење и искуство од дејноста на градинката.

Општината во случај на нестручно и несовесно извршување на контролата во градинката може предвреме да го разреши членот на органот на надзор.

Органот за надзор го свикува и со неговата работа раководи претседателот , кој го избираат членовите на органот за надзор од своите редови.

Органот на надзор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од членовите на органот.

Органот за надзор врши контрола на матерјално-финансиското работење на градинката , користењето и располагањето на средствата на градинката и
за наодите доставува извештај до општината , министерството, управниот одбор и директорот на градинката.

### Д) Совет на родители

### Член 43

Во градинката се избира совет на родители кој го сочинуваат претставници на родителите чии деца претстојуваат во градинката.

Советот на родители брои пет члена.

Со советот на родители раководи претседател кој го избираат членовите на советот со јавно гласање од своите редови, со мнозинство на гласови.Работата на советот се уредува со деловник.

Советот на родители од своите членови именува претставник во Управниот одбор со мнозинство гласови.

На советот на родители му се обезбедуваат просторни услови за работа во градинката.

**Член 44**

Советот на родители ја следи, разгледува и дава мислење за остварување на дејноста на градинката.

Советот на родители особено ќе се ангажира во давањето помош за реализирање на зацртаните активности во програмите за работа со децата. Советот се ангажира и во изнаоѓање средстава од фондации, подароци, , средства по основ на солидарност во пари и натура , со цел за подобрување на условите за престој и работа со деца.

Советот на родители во секое време може од директорот и управниот одбор да побара извештај за средствата од став 3 од овој член , кои се строго наменски.

**5. ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Член 45**

Во детската градинка се води евиденција и документација.

Начинот на водење на евиденција и документација и формата и содржината на документацијата мораат да се во согласност со општиот акт на министерот за труд и социјална политика.

Во детската градинка се води педагошка документација и педагошка евиденција за воспитно образовните активности.

Педагошката документација ја опфаќа главната книга на децата и преставува документ од трајна вредност.

Педагошката евиденција опфаќа:

- Дневник за работа на градинката;

- Дневник за работа на воспитна група;
- Планирање и подготвување на воспитно-образовната работа;
- Досие на детето.

И истите се водат во хартиена и електронска форма.

## 6. ОПШТИ АКТИ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

**Член 46**

Статутот на Детската градинка е основен акт.

Покрај Статутот градинката ги има следните општи акти:

- Правилник за организација и систематизација на работата на детската градинка;
- Коликтивен договор на ниво на детска градинка;
- Правилник за заштита од пожар;
- Правилник за заштита при работа;
- Правилник за плати и надоместоци;
- Правилник за сметководство;

Детската градинка по потреба може да донесе и други акти .

**Член 47**

Ден на детската Градинка е 15 Мај

Овој ден се одбележува и преку организирање разни културни , спорстко рекреативни и други манифестации со децата пред родителите, органи , организации и други соработници.

**Член 48**

Детската градинка може даземе учество во активности ( изложби, приредби и други манифестации) надвор од детската градинка со цел за поуспешно презентирање на дејноста во градот , републиката и пошироко.

## 7. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 49**

Заради заштита на интересите на детската градинка, градинката превзема мерки за чување, ракување, користење и соопштување на податоци кои се сметаат, како деловна тајна.

За деловна тајна се сметаат исправите и документите кои настануваат во остварувањето на дејноста на детската градинка, а чие изнесување во јавност или соопштување на неовластени лица, заради нивната природа или значење, би можеле да предизвикаат штета на детската градинка, родителите или на трети лица.

**Член 50**

Сите податоци и документи кои се пропишани како деловна тајна задолжително имаат ознака „ доверливо“ или „ строго доверливо“.

Обврската за чување на деловната тајна трае се додека Директорот на Детската градинка или органот кој ги доставил не даде согласност за ослободување од чување на деловната тајна.

Обврската за чување на деловна тајна трае и по престанокот на работниот однос на работникот кој бил запознаен со содржината на доверливите документи.

## 8. ОДБРАНА

**Член 51**

Во воена состојба Детската градинка продолжува со остварување на дејноста, заради што во рамките на своето редовно работење во мир, во

согласност со Законот за одбрана и други прописи спроведува соодветни подготовки и изработува документи за работа во воена состојба.

Со спроведувањето на подготовките и изработката на документите за работа во воена состојба раководи Директорот на градинката.

Заради заштита на тајните податоци и информации од областа на одбраната, детската градинка спроведува мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 52**

Постапката за изменување и дополнување на овој Статут е истоветна како и постапката за неговото донесување.

**Член 53**

Општите акти на градинката ќе се усогласат со одредбите од овој Статут во рок од 60 дена од денот на неговото влегување на сила.

До донесувањето на општите акти, во случај кога одредбите на општите акти се спротивни на Статутот, непосредно ќе се применуваат позитивните законски прописи.

**Член 54**

Овој Статут влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласните табли во објектите на детската градинка , по добивањето на согласност од Советот на Општина Аеродром.

Со стапувањето во сила на овој Статут , престанува да важи

Статутот бр.03-670 од 19.09.2013 година

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Верица Велкова**